РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ВО СКОПЈЕ

Бр. 10-719
04.09 2018
Скопје

Почитувани Декани,

Универзитетот активно учествува во ЕРАЗМУС+ програмата на ЕУ наменета за мобилност на студенти и наставен кадар со ЕУ универзитети. Во прилог го доставувам текстот на Конкурсот за мобилност на студенти и наставници во рамките на ЕРАСМУС+ програмата за летниот семестар во академската 2018-2019година.

Ве молам да ги информирате сите заинтересирани студенти и наставници, а Конкурсот да биде објавен на транспарентно место на интернет-страната на факултетот. Сите заинтересирани студенти и наставници апликациите ги доставуваат до Еразмус+ координаторот на факултетот најдоцна до 1 октомври 2018. Факултетот прави ранг- листа на пријавените согласно критериумите (успех во студиите, познавање на странски јазик на кој се изведува наставата на универзитетот во ЕУ, мотивација и др.) и со писмо од Деканатот со ранг-листата на апликантите, апликациите **во еден примерок** ги доставувате до Ректоратот, односно до Проректорот за меѓународна соработка, проф. Гордана Јосифова Неделковска, најдоцна до 5 октомври 2018. Студентот и Еразмус+ координаторот задржуваат по еден примерок од апликацијата.

Напоменувам дека на изготвувањето на Learning Agreement (LA) треба да се посвети особено внимание, односно да се изберат предмети кои ќе бидат признаени по враќањето на студентот, односно компатибилни предмети од наставната програма на двата факултета, бидејки потписот на Еразмус+ координаторот гарантира дека избраните предмети со број на ЕКТС ќе бидат признаени. Препорачливо е на LA документот секој професор од избраниот предмет да стави потпис на предметот кој студентот ќе го полага на факултетот во ЕУ.

Сите дополнителни информации и формулари за пријавување можете да ги побарате на интернет-страната на Универзитетот под -**Меѓународна соработка/ ЕРАСМУС + програма.**

За поддршка и консултација обратете се во Одд. за меѓународна соработка или на меил адресата: international@ukim.edu.mk

Благодарам за соработката.

Со почит,

Проф. Гордана Јосифова Неделковска

Проректор